РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

MQS
Сертифициран систем според
Sistemi i certifikuar sipas
ISO 9001:2015 No. Q-1128/0

Бр./ Nr./ No. 01-105/1

Скопје,Shkup,Skopje 02.03 2022година/viti/year

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Согласно дефинираните работни прописи, законските одредби и потребата од спроведување на услуги за ефикасно и ефективно раководење, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и вработените во Секретаријатот се обврзуваат дека ќе работат:

- Согласно пропишаната законска регулатива, одговорно и независно со цел обезбедување на квалитетна услуга;
- Во насока на подигнување на јавната свест и степенот на запознаеност со правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како на Барателите така и на Имателите на информации од јавен карактер;
- На разбирање на барањата на Барателите на информации од јавен карактер, следење и оптимизирање на задоволството на Барателите како главен критериум за успешноста во работењето;
- На континуирано подобрување на компетентноста, вештините и знаењето на вработените и обезбедување на услови за нивен личен развој, мотивираност и задоволство од работа.
- Економично, во согласност со расположливите средства и ресурси, притоа грижејќи се за исполнување на работните услови неопходни за извршување на задачите;
- Во насока на постојано подобрување на ефикасноста на Системот за квалитет преку примената на Политиката за квалитет и други механизми што ќе доведе до подобрување на севкупното работење.

Директор
Пламенка Бојчева

Систем за управување со квалитет
1.1/1 Политика за квалитет